ДКСК
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3190/1
05-11-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 41-та седница одржана на ден 30.10.2026 година донесе

О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-2118/1 од 11.06.2021 година, СЕ ЗАПИРА.
Предметот со број 08-2118/1 од 11.06.2021 година да се архивира.
Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На 11.06.2021 година од страна на Управата за јавни приходи, _____ до ДКСК е доставен акт – Анонимна пријава, во која се изнесени наводи за несразмерно зголемен имот на лицето _____ – вработена во _____ – _____.
Заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите изнесени во анонимната пријава, ДКСК првично се обрати до Управата за јавни приходи, до Министерството за внатрешни работи – Оддел за граѓански работи и до лицето заради прибавување на потребните адресни и други податоци, како и податоци во однос на членови на семејството со кои лицето живее во заедничко домаќинство.
Со оглед на тоа што во конкретниот случај не станува збор за избрано или именувано лице и истото не е опфатено со законската обврска за доставување на анкетен лист односно изјава за имотната состојба и интересите, ДКСК прибави податоци за целокупниот движен и недвижен имот на _____.
Податоците се побарани од Агенцијата за катастар на недвижности,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и податоци од банките и другите финансиски институции во Република Северна Македонија.

По анализа на прибавените докази не се потврдија наводите изнесени во пријавата доставена од страна на непознат подносител, односно со фактичката состојба која ја утврди ДКСК не е констатирана повреда на законот.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: Е.П., советник
Контролирал: м-р Н.Т.-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН., член/anëtar